Комерцијална банка

ул. Орце Николов бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт-центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

**Комерцијална банка АД Скопје**
**Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност**
Орце Николов бр.3
1000 Скопје

## Понуда за преземање

Комерцијална банка АД Скопје, банкарска институција регистрирана во Република Северна Македонија со службена адреса на Орце Николов бр.3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст „Банката"), во име и за сметка на Друштвото за производство, трговија и услуги ГРИНИНГ ДОО Скопје, со седиште во Скопје, ул. Иван Аговски бр. 7-3, Скопје, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст „Преземачот"), во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РСМ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), ја дава следнава

## ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

на сите акции издадени од Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД Градско (ВАРДАР АД Градско) со седиште на Автопат бр.4, Градско Р. Северна Македонија, регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија со даночен број MK4004989100882 и ЕМБС 4024168 (во понатамошниот текст **ВАРДАР АД Градско**).

1. Понудата за преземање се однесува на:

- Вид и род: Понудата за преземање се однесува на обични акции со право на глас издадени од ВАРДАР АД Градско.
- Број на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање: Понудата за преземање се однесува на сите 1.038.323 обични акции со право на глас издадени од ВАРДАР АД Градско со ИСИН број: MKVARG101016, освен на 345.900 обични акции со право на глас кои веќе ги поседува преземачот ГРИНИНГ ДОО Скопје.

2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од ВАРДАР АД Градско.

   Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од ВАРДАР АД Градско во согласност со пропишаните и објавените услови.

3. Преземачот се обврзува да ги откупи сите 1.038.323 обични акции со право на глас по цена од 131,00 денар по акција.

Комерцијална банка

ул. Орце Николов бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт-центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

Утврдената цена по која ќе се откупуваат акциите кои се предмет на понудата за преземање е еднаква со просечната цена на тргување на акциите издадени од ВАРДАР АД Градско на Македонската берза на хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање. Просечната цена на

тргување на акциите во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање изнесува 131,00 денар.

На имателите на хартии од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата за преземање, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.

4. Преземачот на сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност предаде банкарска гаранција во вкупен износ од 136.020.313,00 денари, согласно член 34 од Законот за преземање на акционерски друштва.

   Плаќањето на акционерите кои ја прифатиле понудата за преземање се врши со исплата на парични средства од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност во рокот предвиден во член 50 од Законот за преземање на акционерски друштва, односно ро рок од 8 (осум) дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање.

5. Рокот на прифаќање на понудата за преземање започнува од денот на првото објавување на понудата за преземање, и ќе заврши 28 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 02.03.2022 година и завршува на 29.03.2022 година.

6. Понудата за преземање се однесува на сите акции определени во точка 1.

   Не се определува најмала количина на обични акции со право на глас на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна.

7. Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерски друштва.

Скопје, 01.03.2022 година

Комерцијална банка АД Скопје

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ